# Број 10

# 31.08.2023 година

Службен гласник на општина Делчево — Уредува
Излегува по потреба — Одделение за правни и општи работи

АВГУСТ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина

Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **31.08. 2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

За објавување на акти од 26.седница
На Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево, актите донесени на 26.седница која се одржа на 30.08.2023 година и тоа:

1.**Одлука** за давање согласност на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2024 година;
2.**Одлука** за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;
3. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година за периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2023 година;
4. **Одлука** за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;
5. **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на опоштина Делчево за 2023 година;
6. **Заклучок** за усвојување на Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2023-31.03.2023 година;
7. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈКП „Брегалница“-Делчево;
8. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување за 2024 година на ЈЛБ “Илинден“-Делчево;
9. **Заклучок** за усвојување на Измена на Годишен план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година;
10. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на Св.Климент Охридски“-Делчево за 2024 година ;
11. **Заклучок** за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2023/2024 година;
12. **Одлука** за одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење;
13. **Заклучок** за усвојување на Годишен план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2024 година;
14. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2022/23 година;
15. Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2024 година ;
16.**Одлука** за давање согласност на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;
17. **Одлука** за давање согласност за формирање на групи со поголем број на деца;
18. **Одлука** за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;
19. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај на СОУ „Методи Митевски –Брицо“ Делчево;
20. **Заклучок** за усвојување на Годишна програма за работата на СОУ „Методи Митевски-Брицо“ за учебната 2023/2024 година;
21.**Одлука** за одобрување на финансиски средства по барање број 09-1319/1 од 26.06.2023;
22.**Одлука** за финансиска поддршка за учество на светска олимпијада на геонауки;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 1719 /1
31.08.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски, с.р.

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со точка 1 алинеја 3 и точка 2 од членот 20 –б, од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22) ), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање Согласност на Годишен план за вработување на општина Делчево за 2024 година**

**Член 1**

Со Одлуката се дава Согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2024 година бр.19-1650/1 од 21.08.2023 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1693 /1**
**30.08.2023 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

2. Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ“ бр. 79/2009), член 14 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), а согласно Барањето на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица бр.09-1099/3 од 05.07.2023 година, Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица**

Член 1

Општина Делчево воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Македонска Каменица за вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор-инспекторат Овластен градежен инспектор.

Член 2

За регулирање на меѓусебните права и обврски на Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе биде склучен Договор за меѓуопштинска соработка, согласно одредбите од член 29 на Законот за меѓуопштинска соработка, кој ќе биде потпишан од страна на градоначалниците на двете општини.

Член 3

По склучувањето на Договорот од член 2 на оваа одлука, Овластениот градежен инспектор од Општина Делчево ќе извршува работни обврски и во Општина Македонска Каменица, по барање на Општина Македонска Каменица.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1694 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

3. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2023 до 30.06.2023**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2023 до 30.06.2023.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1695/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08. 2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Сл.весник на РСМ 151/21), Советот на Општина Делчево на 26.седница, одржана на 30.08.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево**

**за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2023 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУЏЕТ | САМОФИН | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401120 | Основни плати - државни службеници | -349.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424120 | Поправки и сервисирање на товарни возила | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 332.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 452410 | Камата на кредити | 517.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр.09-1696/1
30.08.2023

Претседател на Советот на Општината

5.

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30.08. 2023 година, донесе

Програма за измена и
дополнување на Програмата за изработка на

урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година

I. Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година, бр. 09-2706/1 од 26.12.2022 година се врши следната дополна:

Вп глава Б (Урбанистички проекти) во точка 7 (Донесување-одобрување на урбанистички проекти), согласно член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање, после подточката 7.27 се додава нова подточка, 7.28 која гласи:

Подточка 7.28„урбанистички проект во опфат на урбанистички план со намена А4-3 Викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП бр.1207 КО Ѕвегор-Општина Делчево".

Во Глава В ( Останато ) подточката 9.1 која гласи:„ **Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници",** се менува и гласи:

„**Измена и дополна на Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници".**

II. Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2023 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09 – 1697/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2023 год.** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

6.
Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Тримесечниот извештај за**
**финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево**
**за период 01.01.2023 -31.03.2023**

1.Се усвојува Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница"-Делчево за периодот 01.01.2023 -31.03.2023 година, број 0102-168/1 од 28.04.2023 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево со Одлука број 0202-176/2 од 05.05.2023 година.

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1698 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2023 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов,с.р.**

7. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен план за вработување**

**на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2024 година**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување на ЈКП „Брегалница“ Делчево за 2024 година бр.0403-286/1 од 23.08.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1699 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2023 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

8. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08. 2023 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот план за вработување**
**за 2024 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување за 2024 година на ЈЛБ „Илинден“-Делчево бр.02-27/4 од 28.07.2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1700 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30 .08.2023 година** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов,с.р.**

9. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Измена на Годишен план за вработување**
**на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2023 година**

1. Се усвојува Измената на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2023 година бр.04-463/1 од 14.07.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1701/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30 .08.2023 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

**10.**Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Годишен план за вработување**
**на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2024 година**

1. Се усвојува Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2024 година бр.04-469/1 од 17.07.2023 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1702 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

30 .08.2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

11.Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 26 .редовна седница, одржана на ден 30.08. 2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работа на**
**ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево за учебната 2023/2024**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Свети Климент Охридски“-Делчево за учебната2023/2024 година број 03-471/1 од 28.07.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1703 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08. 2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

12.Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево, Советот на општина Делчево на својата 26. седница одржана на ден 30.08.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За одвојување на средства за финансиско учество на општина Делчево во имплементација на проекти од регионално значење

Член 1

Со оваа одлука се утврдува намената на проектот „Изработка на техничка документација за унапрдување и промоција на конкурентските предности на Источниот плански регион“(„Изработка на техничка документација за реконструкција на постоеечка и изградба на нова водоводна мрежа на туристички локалитет ГОЛАК во општина Длчево“).

Проектот е поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година со индикативно планирани средства за 2022 година.

Член 2

За реализација на проектот „Изработка на техничка документација за унапрдување и промоција на конкурентските предности на Источниот плански регион““(„Изработка на техничка документација за реконструкција на постоеечка и изградба на нова водоводна мрежа на туристички локалитет ГОЛАК во општина Длчево“) вкупниот буџет на проектот е 1.274.400.00 денари со вклучен ДДВ од кои 1.100.742,00 денари ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година. Општина Делчево како партнер ќе обезбеди 173.658,00 денари од буџетот на општина Делчево за 2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево“.

**Број 09-1704/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**20.08.2023 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

13. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со точка 1 алинеја 3 и точка 2 од членот 20 –б, од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22) ), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година, донесе

ОДЛУКА

за давање Согласност на Годишен план за вработување на општина Делчево за 2024 година

Член 1

Со Одлуката се дава Согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2024 година бр.19-1650/1 од 21.08.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1693 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2023 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

14.Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30 .08. 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишниот извештај
на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2022/2023

1. Се усвојува Годишниот извештај на ООУ „Ванчо Прке“Делчево за учебната 2022/2023 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1706 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30.08.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

15. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30. 08. 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишната програма за работа на
ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2023/2024

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната 2023/2024 година број 01-280/1 од 08.08.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-1708 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
30 .08. 2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

16. Врз основа на член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на децата ( „Сл.весник на РМ“ бр 23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21),член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30.08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување**
**на Правилникот за систематизација на работните места**
**на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.01-89/1 од 22.06.2023 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1708/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2023 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

17. Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ и РСМ“ бр.23/2013,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19) - Консолидиран текст јуни 2020) и Барањето на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево бр.03-12/3-2 од 15.08.2022 година, Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 30.08. 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за формирање на групи со**
**поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево, од бројот предвиден во член 64 од Законот за заштита на децата. Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1709/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30 .08. 2023 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

18.Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата-Консолидиран текст јуни 2020 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), и Барање бр.03-12/3-1 од 15.08.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 26.редовна седница одржана на 30 .08.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за утврдување на**
**почетокот и завршетокот на работното време**
**во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево и тоа:

-За објект бр.1 , кој се наоѓа на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

-За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1710/ 1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2023 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

19. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021 ), Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30.08. 2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на**
**СОУ „М.М.Брицо“ за учебната 2022/2023**

1. Се усвојува **Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ учебната 2022/2023**„М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година;
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1711 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**30.08.2023 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

20.
Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021 ), Советот на Општина Делчево, на својата 26.редовна седница, одржана на ден 30.08. 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
за усвојување на Годишната Програма
работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1712 /1
30.08.2023 год.
Д е л ч е в о

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

21. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-1387/1 01.06.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 26.седница, одржана на ден 30.08. 2023 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства
по барање број 09-1387/1 26.06.2023

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 5.000 денари.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име Демир Садулов од с.Тработивиште на трансакциска сметка 240167009703857, Уни банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1713 /1
30.08.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов, с.р.

22. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-1457/1 09.08.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 26.седница, одржана на ден 30.08 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка за учество**
**на Светска олимпијада по геонауки IESO 2023**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 20.500 денари.

Средствата ќе бидат наменети за котизација за учество на Светска олимпијада по геонауки IESO 2023.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име ЕВА ИВАНОВСКА од Делчево на трансакциска сметка 240167009520915 Уни банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1714 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**30.08.2023 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**